РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 05-810/10-3
16.12. 20 21 год.
ВЕЛЕС

# ДОГОВОР

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес, со адреса на ул: “Кукушка” бр.37 - Велес –** РС.Македонија, преставувано од Директор **Оливера Коцевска** (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна, и

2. **Друштво за производство, трговија и услуги ИНТЕРАКТИВНА ИДНИНА ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци ул. Јован Планиски 10, Кавадарци, Р.С.Македонија** (назив, адреса, седиште и држава) застапуван(о) од управител Димитрија Ангелков во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач од друга страна.

Со овој Договор се утврдуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со набавката на **„Купување на ИТ и друга училишна опрема”- ДЕЛ 5 Смарт табла,** согласно Одлуката за јавна набавка бр. 05-810/1 од 15.11.2021 година, по спроведена постапка со поедноставена отворена постапка за доделување договор за јавна набавка со објавување на Оглас бр.19718/2021 и Одлука за избор на најповолна понуда бр. бр.05-810/5 од 07.12.2021 година.

## II. ДЕФИНИЦИИ

Член 1

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

1) ”Набавувач”- е субјект дефиниран во член 1 од Законот за јавните набавки.

2) ”Добавувач”- е носител на набавката - домашно (или странско) правно (или физичко) лице.

3) “Стоки” се подвижни предмети од сите видови, во случајот на овој договор тоа се **„Купување на ИТ и друга училишна опрема”- ДЕЛ 5 Смарт табла** кои добавувачот треба да му го испорача на набавувачот според условите утврдени со овој Договор.

4) “Договорна цена” е цената која ја побарува добавувачот како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст-рабат што го дал добавувачот.

5) “Испорака” значи предавање на стоките од страна на добавувачот на набавувачот во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој набавувачот се стекнува со право на сопственост на стоките.

III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој Договор е јавна набавка - **„Купување на ИТ и друга училишна опрема"- ДЕЛ 5 Смарт табла**, за потребите на Набавувачот, по вид и количини определени во спецификацијата од тендерската документација од прифатената Понуда, која е составен дел на овој Договор.

IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на овој договор за реализација на набавката за изнесува 240.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност, ДДВ изнесува 0,00 денари или вкупно 240.000,00 денари со пресметан данок на додадена вредност.

Во цените наведени во понудата вкалкулирани се сите трошоци кои се потребни за формирање на цената и испораката на предметот на договорот до просториите на Договорниот орган.

Цените од претходниот став на овој член ќе бидат фиксни за целото времетраење на овој договор.

Предвидените количини на оваа набавка не се обврзувачки, при што договорниот орган го задржува правото да изврши промена на истите во согласност со своите потреби.

V. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши на следниов начин: вирмански во рок од 30 (триесет) дена од денот на фактурирањето, при тоа Добавувачот веднаш по испораката доставува уредна документација (Фактура и Испратница) до Архивата на Набавувачот.

Фактурата мора да е уредно заверена и потпишана од одговорното лице на Добавувачот, а Испратницата мора да е уредно потпишана од овластените лица на двете договорни страни.

Во случај Набавувачот да не ја плати фактурата во договорениот рок, се засметува законска затезна камата за задоцнето плаќање, сметана од валутата на фактурата до денот на плаќањето.

## VI. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Добавувачот го гарантира навременото и квалитетно извршување на Договорот со внимание на добар и одговорен стопанственик и во гарантен рок на производите даден од производителот.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 6

Добавувачот е должен испораката на стоките да ја изврши на адреса на Набавувачот ОСУ ,,Јовче Тесличков " Велес, со адреса на ул: "Кукушка" бр.37 - Велес согласно неговите потреби во рок од 7 (седум) дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка.

Набавувачот во налогот ја наведува локацијата на испораката со количината и датумот на испораката (може да го наведе и лицето овластено од Набавувачот кое ќе изврши прием на испораката).

Испораката на стоките се смета за извршена: со потпишувањето на Испратницата од овластеното лице на Набавувачот и овластеното лице на Добавувачот (со внесување и на своето име и презиме и број на лична карта.

## VIII. КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 7

Добавувачот се обврзува дека стоките што се предмет на овој договор ќе бидат идентични по квалитет како во прифатената понуда. Гарантен рок на испорачаните стоки е минимум 24 месеци.

Член 8

Квантитативен прием на стоките од член 2 на овој договор врши Набаувачот со документ (испратница) потпишан од двете договорни страни

Член 9

Доколку Набавувачот за применtite стоки дополнително констатира несоодветен квалитет, несоодветна форма или други отстапувања, кои не одговараат на употребната функција за која се набавуваат или во пракса покажува различни карактеристики и својства од оние декларирани во понудата, писмено го известува Добавувачот веднаш да ги повлече применtите стоки на негов трошок и да достави иста количина со соодветен квалитет во рок од 10 дена.

Член 10

Доколку и по 10 дена Носителот на набавката не достави стоки со соодветен квалитет, Договорниот орган има право да го раскине договорот и да склучи договор со второрангираниот економски оператор.

## IX. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Во случај на доцнење со испораката на стоките од страна на Добавувачот, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

Договорната казна се определува во висина на 2 % од вредноста на неиспорачаната стока за секој ден задоцнување, при што е потребно Набавувачот веднаш да му врачи на Добавувачот писмено Известување дека Набавувачот го задржува правото на договорна казна – пенали.

Во случај на неиспорачување на стоките во рокот определен во член 6 на овој Договор, Набавувачот на Добавувачот ќе му достави писмено известување за испорака на стоките во дополнителен рок од 2 дена, да ги испорача стоките. Доколку Добавувачот и во дополнително оставениот рок од 2 дена не ги испорача стоките, Набавувачот има право да го раскине Договорот за испорака на стоките со проста изјава за раскинување на Договорот, како и право на договорна казна и право на надомест на штета.

Во случај на раскинување на Договоротр согласно став 3 на овој член, Добавувачот е должен во рок од 15 дена од денот на раскинувањето на Договорот да му плати на Набавувачот договорна казна од 10% од вредноста на Договорот.

Во случај ако штетата што ќе ја претрпи Набавувачот заради раскинувањето на Договорот е поголема од договорната казна, Добавувачот има обврска да му ја надомести на Набавувачот разликата до целосниот надомест на штетата.

## X. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Набавувачот има право да го раскине Договорот поради неисполнување на обврските на Добавувачот, а особено:

-по дополнително оставено писмено известување од страна на Набавувачот и оставен рок од 2 (два) дена за испорака на стоките;

-доколку стоката не соодветствува со техничката спецификација

Во случај Набавувачот да не ја плати фактурата во договорениот рок, се засметува законска затезна камата за задоцнето плаќање, сметана од валутата на фактурата до денот на плаќањето.

Не плаќање на фактурата од страна на Набавувачот и по писмената ургенција на Добавувачот по истекот на законскиот рок за плаќање, претставува основ за раскинување на овој Договор.

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## XI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Договорот се смета за реализиран по достигнување на максималната вкупна количина и вредност од член 3 на овој договор, но не подолго од една (1) година сметано од денот на склучување на овој договор.

Договорот ќе започне да се реализира од денот на неговото потпишување .

## XII. ВИША СИЛА

Член 14

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## XIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 15

Сите спорови кои ке произлезат од овој договор или во врска со него, вклучувајќи ги споровите за неговото толкување или полноважност, ќе се решаваат спогодбено.

Ако спорот не може да се реши спогодбено, истиот ќе се решава пред Основен суд Велес.

## XIV. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 16

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## XV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 17

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

XVI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Договорот се склучува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено и во согласност со Законот за јавните набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на овој договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и позитивните прописи во Република Северна Македонија.

Член 20

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот,и влегува во сила од денот на потпишување.

**НАБАВУВАЧ**

**ОСУ „ Јовче Тесличков " Велес**

**Директор**

**Оливера Коцевска**

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКА**

**ДПТУ ИНТЕРАКТИВНА ИДНИНА**

**ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци**

**Управител**

**Димитрија Ангелков**

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број 19718/2021 објавен од страна на ОСУ "Јовче Тесличков", за набавка на стоки:**„Купување на ИТ и друга училишна опрема"**со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ДПТУ Интерактивна Иднина – ДООЕЛ Кавадарци

I.2. Контакт информации

- Адреса: Јован Планиски 10, Кавадарци
- Телефон: 071826952
- Факс:
- Е-пошта: dimitrijaa@yahoo.com
- Лице за контакт: проф. д-р Димитрија Ангелков

I.3. Одговорно лице: проф. д-р Димитрија Ангелков

I.4.Даночен број: 4011016513373

I.5.Матиченброј: 7126140

**Дел II – Техничка понуда**

| II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки : | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ 5 СМАРТ ТАБЛА | | | | | | | |
| 1 | Интерактивна табла бела со димензии :2100x1200 mm со инфраред сензор за работа преку компјутер со комплет едукативни програми. | Пропорција на екран: 4:3 ;16:9 Слој на работна површина: PVC со можност за пишување со маркер за бела табла Кратенки на работна површина: На двете страни Материјал на рамка: PVC Начин на поврзување: USB (Plug and play) Прецизност: Помалку од (<) 2mm Начини на допир: пенкало за презентација Вид на допир: (зумирање, ротирање) Поддршка за оперативни системи: Windows, Linux Софтвер: Мултифункционален софтвер на Македонски, Албански и Турски јазик со препознавање ракопис, компактибилни формати Microsoft office word, Excel, Powerpoint, софтвер за предучилишна возраст на македонски и албански јазик Додатоци: USB Кабел | парче | 15 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 5м, 2 пенкала за презентација, телескопско пенкало за презентација, упатство за користење на Македоски и Албански јазик, CD со софтвер, држачи за на ѕид и монтажа<br>Обука: Обука на наставен кадар од сертифицирано лице, уверение за присутните<br>Гаранција: 2 години | | | | | |
| **Вкупна цена без ДДВ за ДЕЛ 5:** | | | | | 240.000,00 | | |
| **ДДВ за ДЕЛ 5:** | | | | | 0 | | |
| **Вкупна цена со ДДВ за ДЕЛ 5:** | | | | | 240.000,00 | | |

**Напомена: За сите евентуални повикувања на одреден производител важи начелото „или еквивалентно“.**

**Понудувачите задолжително со понудата да доставаат техничка спецификација на моделот на опрема за кој имаат понудено цена со цел да го докажат исполнувањето на минималните технички карактеристики согласно техничката спецификација. Задолжително да се достави и официјална спецификација од производителот (Datasheet)**

**Економскиот оператор задолжително да поседува Авторизација од страна на производителот (MAF Manufacturer Authorization Form) за предметната набавка со јасно назначен број на постапка и издадена на име на економскиот оператор или групата економски оператори, која договорниот орган дополнително ќе ја провери кај производителот на опремата.**

**Понудената опрема треба да е нова и неупотребена. Секоја понуда на обновена опрема се отфрла. Не се прифаќаат користени производи.**

**Испораката, монтажата со пуштање во употреба како и одржувањето на опремата во гарантниот период се на товар на Носителот на набавката и истите треба да се вклучени во понудената цена.**

**Гаранцијата подразбира исправно функционирање на предметот на набавка во текот на гарантниот рок сметајќи од неговот предавање на договорниот орган. Економскиот оператор треба да има авторизиран сервисен центар за опремата што ја нуди и за истата да понуди техничка поддршка во рок од 24 часа по пријавен дефект доколку производот е во гарантен рок.**

**Договорниот орган го задржува правото да побара дополнително објаснување во процесот на евалуација од страна на понудувачот.**

**Рокот на испорака е максимум 7 дена од денот на барањето за набавка.**

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1.5 Вкупната цена на нашата понуда за ДЕЛ 5 вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 240.000,00 (двеста и четириесет илјади денари).

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 0 (нула денари).

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното